**ОБРАЌАЊЕ НА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Г-ЃА МАРИНА НАЌЕВА-КАВРАКОВА**
**10 Годишна Конференција**
**24. 04. 2009 година, Хотел Метропол, Охрид**

Чест ми е да се обратам на 10 годишната конференција организирана од Македонската берза. Верувам дека на заедничко задоволство, ќе се развие плодна дискусија за политиките и мерките што се преземаат за развој на пазарите на хартии од вредност и притоа ќе се слушнат искуства и од земјите од регионот.

Би сакала на почетокот накратко да се осврнам на глобалната финансиска криза, која започна во средината на минатата година и која не ја одбегна ниту нашата земја.

Се соочуваме со најголемиот предизвик во светската економија во поново време, со криза која има влијание врз животот на сите луѓе и во секоја земја поради што е потребна заедничка акција за нејзино решавање затоа што просперитетот е недделив.

Тоа беше причина да се пристапи кон изнаоѓање на нови мерки за ублажување на негативните последици. Активностите треба да бидат израз на интересите не само на денешните генерации, туку и на идните поколенија. Верувам дека единствено решение за зголемување на просперитетот за сите е отворена економија базирана на пазарни принципи, ефективна регулација и цврсти домашни институции-регулатори.

Глобалните финансиски регулаторни институции паднаа на тестот адекватно да одговорат на развојот на пазарот на капитал кој што се случуваше во претходните години, со што се потврди дека нивните активности не ги исполнија сите барања на денешницата. Затоа, во услови на глобална финансиска криза мора да се напуштат традиционалните пристапи за развој на пазарот и да се прифатат модели кои ги бараат актуелните состојби.

На економскиот самит на Г-20 што се одржа во Лондон, беше потенцирано дека мора да се исцрта нова глобална регулаторна рамка на пазарите на капитал , што се базира на приципите на компатибилност на активности и стандарди на националните институции, демократичност и еднаква одговорност при одлучувањето, транспарентност на учесниците на пазарот, зголемување на ефикасноста преку размена на информации и соработка меѓу сите чинители на пазарот на капитал.

Комисијата за хартии од вредност како регулатор особено внимание посветува на воспоставување на систем за управување со ризици од страна на сите учесници на пазарот, конзистентен со развојот на финансиските технологии.

**Почитувани дами и господа,**

Во овој период кога пазарот на хартии од вредност е под негативен притисок, многу е важно да се зголеми одговорноста на менаџментот на јавно поседуваните компании спрема акционерите, со што би се зајакнала довербата во компаниите. Комисијата ја поддржува примената на добрите практики на корпоративното управување во акционерските друштва. Напорите се насочени

кон усовршување на меѓународните стандарди за обелоденување на информации за финансиските и нефинансиските активности на компаниите. Финансиските извештаи, податоците за големите зделки, спојувањата и преземањата, информациите за менаџерите на компаниите, најголемите акционери како и засегнатите лица кои имаат влијание врз донесувањето на одлуките на компаниите, треба да бидат достапни не само на регулаторот, туку и на сите потенцијални инвеститори. Своја улога во обезбедување на релевантни и точни информации за природата на пазарните ризици имаат и ревизорите, финансиските консултанти, инвестициските советници и.т.н.

Дури и во постоење на најдобри законски правила, инвеститорите имаат доверба само во пазари каде што се убедени дека тие правила стриктно се применуваат, а не се само на хартија. Поради тоа, Комисијата, водена од интересите на инвеститорите се фокусира на ефикасна примена на законската регулатива со што се зголемува транспарентноста на компаниите и се јакне интегритетот на пазарот .

Препорака на светските лидери за залечување на последиците од кризата е регулаторните тела на пазарите на хартии од вредност при остварување на контролната функција да развијат систем на брза размена на информации во однос на откривање на сомнителните трансакции кои се реализираат на локалните пазари. Во таа насока, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија успеа за многу кратко време да влезе во листата Б на Меморандумот за размена на информации (MMoU) помеѓу регулаторите на пазарот на капитал во земјите-членки на Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност – IOSCO, што подразбира дека нашата регулатива на пазарот на хартии од вредност во најголем дел е усогласена со меѓународните принципи и стандарди на IOSCO.

Ваквата меѓународна соработка на Комисијата и овозможува при обезбедување фер, ефикасен и транспарентен пазар, контрола на трансакциите и при заштита на инвеститорите, да користи информации со кои располагаат странските регулатори на пазарот на капитал.

Имено, се очекува уште поефикасно да се откриваат сомнителните трансакции, да се зајакне борбата против перењето пари и финансискиот криминал во Република Македонија и да се намалат системските ризици.

КХВ постојано го унапредува регулаторниот процес, проактивно се адаптира на осцилациите на берзанскиот бизнис и во наредниот период ќе ја интезивира супервизијата на сите пазарни учесници, што е препорака на IOSCO.

**Почитувани,**

Оваа конференција ќе ни овозможи на едно место релевантните фактори да дадат предлози и решенија за кризата од кои корисните и прифатливите во наредниот период ќе се имплементираат. Ова е добра можност да се продискутира за перспективите на пазарот на хартии од вредност.

Иако сме мал пазар, сепак сме поврзани со останатите пазари во регионот и пошироко и не сме имуни на светските случувања . Видливо е дека економските перспективи за голем број економии не се оптимистички, пазарот и натаму е колеблив, ликвидноста е на ниско ниво, а довербата на инвеститорите се уште не е целосно вратена .

Нивото на цените на пазарот на хартии од вредност денес, утре или во кој било друг ден е разумна рефлексија на економската реалност заради што е потребно да имаме подобро разбирање за факторите кои ја обликуваат долгорочната перспектива на пазарот.
Како што многумина го нарекуваат икона на инвестирањето, познатиот Ворен Бафет вели дека обидот да заработите екстремно многу пари, а за кратко време е губитничка опција со долгорочни последици. Затоа, доколку барате инвестиции кои нудат голема стапка на поврат, мора исто така да претпоставите дека со тоа имате голема стапка на ризик.

Многу брокерски куќи и друштва за управување со фондови се соочуваат со потешкотии во секојдневното работење.Неколку брокерски куќи самоиницијативно одлучија да прекинат со работа, неможејќи да се снајдат со овие услови на пазарот. Други пак, го намалуваат бројот на вработени и ги кратат тековните трошоци. Препорака на Комисијата е преку заеднички програми, да се изнајде начин за опстојување во овој период, особено чувствителен на пазарот на хартии од вредност. Кога го велам ова, мислам на законската можност за спојување на брокерски куќи, што е практика во другите земји како одговор на моменталната состојба на пазарот. Во овој турболентен период, КХВ во рамките на своите надлежности, придонесе за релаксирање на пазарот на капитал, намалувајќи ја висината на надоместоците кои ги плаќаат инвеститорите.

Комисијата за хартии од вредност ги охрабрува и поддржува сите друштва да емитираат акции, корпоративни обврзници и слични финансиски инструменти преку кои полесно, побрзо, поефикасно и поевтино ќе дојдат до потребните финансиски средства за реализација на своите бизнис проекти. Воедно, со издавањето на нови хартии од вредност се збогатува и понудата на пазарот на капитал, со што тој станува поинтересен за инвеститорите. Можеби е време да се реализира идејата за интеграција на македонскиот пазар на хартии од вредност на пошироки платформи на тргување, на почетокот регионални, а подоцна и европски, заради збогатување,продлабочување и обезбедување на поголема ефикасност на нашиот пазар. Ако за ова треба да размислува бизнис секторот, тогаш можеби е време ние како регулатор да размислуваме за интегрирана супервизија на поважните институционални чинители на пазарот на капитал како што се инвестициските и пензиските фондови и осигурителните компании по примерот на земјите на Европската Унија.

Ценам дека заеднички треба да ги преземаме сите овие мерки и активности, зашто тие ќе ни овозможат прво заздравување , а потоа и развој на пазарот на хартии од вредност, како и зголемување на довербата и стабилноста.

**Ви Благодарам**